**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр.32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. **02-332/8**

Скопје, 13.03.2021 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на *член 28* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на својата 19-та седница одржана на **13.03.2021 година** ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**Член 1**

Се определува **висина на надомест за пристап на субјекти до маил адресите на членовите на СКМ**.

Сите субјекти што имаат Договор за рекламирање на годишно ниво (во сите броеви) во списанието на Комората – VOX Dentarii, ќе добијат пристап до листата со маил адреси на членовите на Комората, под услов да доплатат износ од **35.000,00 денари**, а сите субјекти кои немаат склучено договор за рекламирање во списанието, ќе имаат можност да ја добијат истата услуга по плаќање на износ од **70.000,00 денари** на сметка на Комората.

**Член 2**

Субјектите од член 1, пристап до листата со маил адреси на членовите на Комората може да добијат најмногу 6 (шест) пати годишно.

Со заинтересираните субјекти Комората ќе склучи Договор во кој ќе бидат наведени посебните услови за користење на услугата.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен одбор на**
**Стоматолошката комора на Македонија**
д-р Мирлинд Селими

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија • СКОПЈЕ •